МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА / СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ASSOCIATION OF GP / FM DOCTORS OF REPUBLIC OF MACEDONIA

III КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА / СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО
III CONGRESS OF GP / FM DOCTORS OF REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS



Охрид, 26 – 29 Април 2012 година
Ohrid, April 26 – 29, 2012

Македонски медицински преглед
Списание на Македонското лекарско друштво
Год: 66 (supl. 84), стр. 1 – 232, 2012

# ЛАРИНГИТИСИ ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ

Рајчановска Д., Тодоровски Т., Дуковска Б.
*ЈЗУ Здравствен дом, Битола, Р. Македонија*
*ПЗУ Којновска-Дуковска*

Ларингитисот е воспаление на слузницата на ларинксот и гласните жици. Се јавува како самостојно заболување или во склоп на инфекција на дишните патишта.

**Цели**: Да се евалуираат ларингитисите според полот и возраста на децата, сезона на најчесто појавување, етиологија, клиничка слика, тек и прогноза.

**Материјали и методи**: Истражувањето опфати период од 2007 до 2009година. Во ретроспективно-епидемиолошка студија беа анализирани децата на возраст од 3 месеци до 12 години кои се јавиле на преглед со клиничка слика на ларингитис.

**Резултати**: Во периодот од 2007 до 2009година за преглед се јавиле 3.256 деца, од кои 463 или 14,22% имале симптоми на ларингитис, односно 58% имале симптоми на Croup, а 42% имале Laryngotracheobronchitis. Кај најголем процент деца етиолошкиот фактор бил непознат, а инфективната генеза, вирусна беше потврдена кај 15%, бактериска кај 7% од децата. Во 9% во етиологијата се јавува алергиска компонента. Во однос на половата дистрибуција 63,77% беа машки, а 36,23% женски. Најголем процент, 59,55% од децата биле на возраст до 3 години, а болеста најчесто се јавила во доцна есен, зима и рана пролет, со пик во месеците октомври и април. Во однос на симптомите најчести биле ларингеална кашлица (81%), стридор (79%), дисфонија (48%) и диспнеа (53%).

**Заклучок**: Ларингитисите се горнореспираторни инфекции кои имаат симптоматски третман со брз и добар одговор на терапијата. Само мал процент, околу 3%, преминуваат во хроницитет и астматска болест кај децата.

**Клучни зборови**: ларингитис, детска возраст, етиологија